Зоран НАЦЕВ

# ВОЕНАТА ОБВРСКА И ПРИГОВОРОТ НА СОВЕСТА

Појавата на алтернативни облици на служење на воената обврска од страна на поединци, кои поради разни уверување не се подготвени да служат класичен воен рок не е од понов датум. Напротив, случаи од таков вид, подведени под поинакви поими, биле забележани уште пред 300 години.

Во годините на овој век, а особено по Втората светска војна, веќе биле искристализирани и конкретни решенија во однос на начините на служењето на воениот рок врз оваа основа. И покрај постоењето речиси стандардизирани пристапи кон оваа појава претходно во земјите со поголеми традиции во развојот на демократските односи, во нивната конкретна примена се уочливи големи разлики. Од друга страна, земјите кои допрва трасираат и градат вистинска демократија, во овој домен главно ги прифаќаат веќе постојните определби во високоразвиените демократски земји.

Иако навидум изгледа дека се најдени задоволителни решенија на проблемот, дилемите за некои аспекти на прашањето сеуште се присутни, со мали изгледи наскоро да добијат унифицирана општо прифатлива форма . За тоа речито говорат присутните разлики, а понекогаш и сосема спротивните видувања на проблемот од страна на филозофите, правниците, психолозите, социолозите, политичарите, воените и цивилните стручњаци во одбраната, на верата и на други структури. Оттаму и секое продлабочено разгледување на најголемиот дел од тие научни и стручни-теоретски толкувања бара извонредно голем и сложен истражувачки ангажман. Бидејќи амбициите на овој труд се од поинаков карактер, на ова место ќе ги посочиме само основните релации на проблемот за апострофирање на најзначајните фактори кои ќе ги покажат димензиите, суштината и апликативната компонента на приговорот на совеста.

Од тие причини, предметот на проучувањето се обидовме да го заокружиме преку анализа на следниве компоненти: дефинирање на поимите воена обврска и приговор на совеста; компаративен приказ на меѓународните документи и националните законодавства на одделни земји во светот и посебно на државите настанати од бившата југословенска федерација, по однос на регулирањето на прашањето на

приговорот на совеста; алтернативна служба како супституција на воениот рок и се разбира, нашите решенија и одбранбено-доктринарни толкувања на проблемот.

Потребно е да се нагласи и тоа дека по осамостојувањето на Р. Македонија и по донесувањето на Уставот и Законот за одбрана, се објавени повеќе трудови од овој и сличен тип, главно во рамките на разгледување на други прашања. Тие не предизвикаа некој поголем интерес или реакција на пошироката јавност. Но, убедени сме дека ова прашање во наредниот период ќе има своја повеќедимензионална промоција. Можните мотиви за неговото пласирање во јавноста ќе бидат најверојатно најразлични, а видувањата, образложенијата и погледите на проблемот мошне комплексни и условени од појдовната позиција на промоторите. Овие неколку прогностички ставови некој можеби ќе ги разбере и како иницијатива за такво нешто, но работите не стојат така. Намерата на трудов е јасно прецизирана во уводните напомени, а мислам дека овој проблем кај нас сеуште не е доволно "зрел" да излезе пред пошироката јавност, односно дека местото за расправа е во круговите на научните и стручните работници. Последново тврдење во натамошното излагање ќе го поткрепиме и со конкретни аргументи. Но, да одиме по ред.

Државите на различни начини го оформуваат и пополнуваат својот мирновременски и воен состав на вооружените сили. Притоа, како доминантни критериуми што се земаат предвид при создавањето на потребната големина на организациско-формациските структури на вооружените сили по видови, родови, служби и нивното вооружување и опремување, се уредувањето на државата и усвоената политика и доктрина на одбраната. Големината на мирновременскиот состав на армиите во одделни земји е различна и се движи од 0,6% до 2,5% од вкупниот број на населението. Другиот дел, во основа резервен состав, е многу поголем и се движи од 5% до 15% од вкупниот број жители на односната држава. Евидентните разлики по однос на бројниот состав, структурата и опременоста на армиите на одделни држави не се толку присутни кога е во прашање начинот на нивното пополнување. Имено, доминантниот начин на пополна на војските во светот е конципиран врз основа на општата воена обврска. Почетоците на таквиот систем на пополна се врзани за Француската револуција и за периодот на создавање масовни армии.

Концептот на општа воена обврска подразбира вклучување на сите машки граѓани на земјата во вооружените сили. Органите на власта, по пат на законски и други одредби го утврдуваат начинот, времетраењето на воениот рок како и староста на граѓаните во однос на преземањето на обврските кон војската.

Гледано пошироко, воената обврска на граѓаните во периодот од Првата светска војна, а делумно и во Втората, главно била сведена на служење воен рок, а по неговото завршување - ангажирање на обврзниците во периодични вежбовни активности и нивно евентуално

повикување во случај на војна. Но, во периодот по Втората светска војна, а особено денес, ангажманот на граѓаните по однос на одбраната како обврска се манифестира во повеќе домени. Така, граѓаните покрај обврските кон војската во текот и по отслужувањето на воениот рок, се повикуваат и на најразновидни видови доспособување за одбрана и заштита, а во определени фази од животот се распоредуваат и во другите сили на одбраната (претежно во структурите на силите на цивилната одбрана).

Од друга страна, фантастичниот развој на вооружувањето, воената техника, опремата и средствата, условуваат примена и на нови начини и постапки на војување, што сè заедно бара и "нов" тип на воин. Скапата и високософистицирана техника бара и повеќе време за нејзиното совладување, а кај некои системи на оружја тоа не може да се реализира во периодот на редовното служење на воениот рок. Од овие и некои други причини, во голем број армии во светот се ангажираат професионални војници како носечки делови на мирновременската формација на вооружените сили, а некаде дури и цели состави се пополнети со платени војници.* Така на пример, војските на В. Британија, САД, Исланд, Лихтенштајн, Луксембург, Малта и некои други, се составени од професионални војници, односно во овие земји обврската за служење на воен рок не е на сила. Но, и кај нив се предвидува во определени услови на сила да стапи законот за општа воена обврска. Во другите западноевропски и воневропски земји се практикува примена на комбиниран систем на пополна на вооружените сили - по основ на општа воена обврска, по основ на професионален ангажман и доброволно.

Присутните тенденции кај одделни земји да се оди кон целосна професионализација на војската имаат свои приврзаници, но и противници, при што и двете страни ги артикулираат аргументите и образложенијата на своите ставови.

Во овој контекст ќе ги посочиме и нашите конкретни решенија по однос на воената обврска, утврдени со Уставот и Законот за одбрана на Р. Македонија. Така, Уставот на Р. Македонија, во сферата на одбраната определува дека одбраната на земјата е основно право и должност на граѓаните (член 28). Во Законот за одбрана е утврдено дека граѓаните на Републиката ги имаат следниве права и должности: да извршуваат воена обврска; да учествуваат во цивилната заштита; да извршуваат работна обврска и да извршуваат материјална обврска (член 2).

Во членот 3 е утврдено дека воената обврска е општа и дека на неа подлежат сите граѓани на Републиката од машки пол на возраст од 17 до 55 години живот, а по исклучок, жените можат да служат во резервен состав.

Во наредниот член се утврдува дека воената обврска на граѓаните се состои од: регрутна обврска, обврска на служење воен рок и обврска

---

* Наемниот однос вообичаено се врзува за рок од 10 до 25 години.

на служење во резервен состав. Во член 5 се утврдува дека на воениот обврзник му престанува воената обврска кога ќе наполни 55 години живот и ако е оценет за трајно неспособен за воена служба. Служењето на воениот рок трае 9 месеци, а по исклучок, војниците кои од верски убедувања не сакаат да примат и носат оружје, воен рок служат 14 месеци.

Со претходниот став и определба на Законот за одбрана дојдовме до клучното прашање кое ни е основен предмет на разгледување.

Посочените уставни и законски одредби недвосмислено покажуваат дека во македонскиот правен систем приговорот на совеста не е уставна туку законска категорија, при што е уважен еден вид индивидуално отстапување од просечниот тип воен обврзник, и тоа поврзано со верски убедувања.

Но, да ја разгледаме појавата на приговор на совеста од повеќе гледни точки.

Првите обиди за легализирање на појавата на приговор на совеста се врзуваат за Шведска, во почетокот на дваесеттиот век, додека пак почетните основи на законско регулирање на либерализацијата на одбивање на служењето на воениот рок се сретнуваат во Данска, Финска, Холандија и Норвешка, во периодот меѓу двете светски војни.

Веќе од средината на педесеттите години на овој век, Австрија прва зазема јасен став по однос на приговорот на совеста. Нејзиниот пример го следат и другите европски држави, конкретизирајќи го својот однос кон појавата преку донесување различни законски основи. Па така, некои држави заземаат полиберален однос кон таквата категорија на обврзници упатувајќи ги на служење на воен рок без оружје, а други воведуваат строги рестрикции спрема лицата на кои им било одобрено да служат алтернативна служба во вооружените сили. Во некои земји одбивањето служење на класичен начин со себе повлекувало затворски казни, понекогаш и повеќекратно, додека пак во други се применувал принципот на ад хок решавање на случаи, иако службено не го признавале приговорот на совеста.*

Инаку, под поимот совест и следствено на тоа приговор на совеста, го подразбираме следново: Зборот совест е од латинско потекло и вообичаено значи индивидуален морален суд за тоа што е исправно а што е погрешно, базирано врз религиозни, етички и други основи. А кога е во прашање дефинирањето на поимот приговор на совеста, од повеќето дефиниции следнава ни се чини дека е успешна и прифатлива: "приговор на совеста упатува на личноста која поради свои уверувања, а не поради давање пример и не поради кукавичлук или поради тоа што во тоа наоѓа некаква лична корист, одбива да носи оружје со цел да ги штити интересите на својата земја во мир, во некои или во сите

* Најригорозен пример во оваа смисла е Грција. Од друга страна на Бразилците кои одбиваат да служат воен рок им се ускратуваат определени граѓански права, како на пример, губењето на правото на пасош, на вработување во државни институции и др., а по налог на Претседателот на државата можат да бидат лишени и од правото на гласање.

вооружени судири. Таквата личност може да биде задоволена ако ѝ се допушти вршење работи во кои не се служи со оружје или може да одбие секаква активност која служи на националната одбрана, како и било каков начин на служење.[1]

Анализирајќи ја содржината на презентираната дефиниција на приговорот на совеста, се наметнува прашањето за тоа како се остварува и од што е тоа право изведено, односно од што извира и врз што базира можноста за ослободување на обврзниците од вообичаениот начин на служење во вооружените сили? Во однос на ова се присутни повеќе теоретски гледишта во кои најраспространето е она кое говори дека приговорот на совеста е дел од темелните човекови права и слободи. Кога ова се истакнува, треба да се има предвид и фактот дека ниту еден меѓународен документ за човекови права не ги содржи одредбите што експлицитно го признаваат правото на приговор на совеста. Постојат само определени членови што се однесуваат на приговор на совеста, но само ако тие се посматраат во однос на некои други права или пак имаат јасна констатација за признавање на ова право, а тоа се: слобода на мислење, уверување, совест и верско уверување; право на живот и слобода од присилна или обврзна работа.[2]

Во прилог на барањето на основите на правото на приговор на совеста би требало да се земат предвид и меѓународните документи во кои се утврдени стандардите кон кои би требало да се придржуваат учесниците во конфликтот, а тоа се: Нирнбершките принципи, Хашките декларации, Женевските конвенции, Женевските протоколи, Конвенцијата на Обединетите нации за заштита и казнување на злосторствата за геноцид, меѓународните конвенции за попречување и казнување на злосторства на расна дискриминација, Конвенција на Обединетите нации за положбата на бегалците, Декларација за давање азил и други. Посебно ќе ја издвоиме Европската конвенција за приговор на совеста, познатата Резулуција 337 од 1977 година, која, иако сеуште не е законски оформен документ, е мошне значајна. Во неа се вели: "Поединците кои се обврзани да се јават на извршување на воена служба, а поради совеста или длабоко уверување кое произлегува од нивните религиозни, етички, морални, хуманитарни, филозофски и слични мотиви, имаат лично право според кое се ослободуваат од вршење на таква служба".[3]

Ако пак се погледнат документите на Обединетите нации по однос на ова прашање, може да се уочи дека на овој план не е многу направено, иако имало обиди од страна на невладини организации прашањето на приговор на совеста да се најде пред Генералното собрание и пред другите органи и тела на Организацијата. Од друга страна, активностите на невладините организации од религиозни па до оние од типот на Amnesty

1) Candu Whittome: Prigovor savjesti vojnoj službi: Šta je sa ljudskim pravima? "Pitanja", br. 4-5/89, Beograd

2) Исто

3) Исто

International не биле насочени само кон ООН туку и кон други релавантни меѓународни тела и форуми. Во основа, религиозните организации, на нивните конференции и собранија одржани во изминатиот период, говорејќи за проблемот на приговор на совеста, поттикнувачки влијаеле врз тековните расправи по ова прашање, а усвоените декларации во суштина претставувале идеали кон кои требало да се стреми, но не и идеали што требало веднаш да се достигнат.

За разлика од нив, невладините организации, со своите активности во овој домен, главно се обидувале да го затворат просторот меѓу идеалот и стварноста.

Во теоретската мисла можат да се најдат и други образложенија за тоа каде се наоѓаат основите за ослободување од служење на класичен воен рок. Во таа смисла некои се повикуваат на тоа дека станува збор не само за право туку, во одделни ситуации, и за обврска. Се истакнува дека тоа е особено присутно во случаи кога постои регрутирање за служба во услови на војна во која земјата, од која е обврзникот, континуирано ги крши воените закони, па според тоа, обврзникот може да се повика на овие документи (на пример геноцид). Со тоа се смета дека би се потврдила поединечната одговорност и должност на непокорување во случаи кога нужно се бара нарушување на воените закони. Извесни гледања ги базираат образложенијата врз хуманитарните основи, при што се наведува дека луѓето не би требало да се изложат на страдања освен ако е тоа единствен начин некое општество да се заштити.

Како што веќе нагласивме еден од основните проблеми кај приговорот на совеста е спроведувањето на правото. Во однос на ова, постојат три основни начини на неговото спроведување, а тие се: приговор на совеста како дел од уставното право, како законска категорија и како дел од меѓународното право, за што веќе говоревме.

Практиката покажува дека во некои земји и приговорот на совеста е уставна категорија, некои ова прашање го регулираат со законот за одбрана, а други по пат на посебни правилници за служење на воен рок. Притоа и бројот на пристапи на прифаќањето на определени основи на приговорот е мошне широк. Тој дијапазон се движи од прифаќањето на само религиозни основи, па до речиси целосна отвореност за било која основа. Интересен е случајот на Австрија која не ги признава ниту религиозните причини за спроведување на служењето на воениот рок, туку во причините се вбројуваат само оние кои на регрутите би им предизвикале тешки душевни кризи во случај на самоодбрана да не можат да го употребат оружјето. Германија и Норвешка дозволуваат и "селективен" приговор, посебно кога станува збор за можната употреба на нуклеарно оружје. Во Велика Британија се почитува секоја основа на совеста која води кон одбивање на вршењето на воената служба, па дури и кога се во прашање политичките причини.

Во поглед на начинот на остварување на супституциската варијанта на служењето на воениот рок, присутни се два модела: служење без оружје во рамките на вооружените сили (невооружена служба) и вршење

на цивилна служба надвор од воената организација. Притоа, евидентни се разликите меѓу земјите по однос на должината на траењето на служењето во рамките на двата модела. Земјите кои утврдиле алтернативна воена служба во рамките на вооружените сили, со посебен документ ги предвидуваат формациските места за припадниците кои се повикуваат на приговор на совеста. Од друга страна, вршењето на цивилна служба надвор од вооружените сили, обично ги опфаќа работите во областа на здравството, во социјалните установи, работите врзани за заштита на природата, мировните ангажмани, служењето во спасувачки служби, во цивилната заштита, цивилната одбрана, ангажман на одржување и чистење на патишта, води, шуми, потоа во извршување на задачи и дејности врзани за развој и др. Со еден збор, се распоредуваат на места и дејности што се од општо добро.

Во однос на должината на траењето на цивилната служба, не постојат еднообразни решенија. Така на пример, во Германија цивилното служење на воениот рок трае за третина подолго од редовното служење, во Данска служењето во цивилната одбрана трае девет месеци, во други области 11 месеци, а на работи врзани за развој 24 месеци, наспроти редовниот воен рок од 9 месеци. Во Холандија алтернативната служба трае за третина повеќе од воената служба, во Австрија каде што воениот рок е девет месеци, алтернативниот воен рок без оружје трае 12 месеци, во Франција цивилното служење е двапати подолго од редовниот воен рок, во Грција исто така, двојно подолго, но во рамките на вооружените сили.

Еден од заклучоците кој се наметнува кога е во прашање должината на траењето на алтернативната служба во одделни земји, е дека кај многу од нив цивилното служење има призвук на казнена мерка. Од образложенијата што можат да се најдат за причините за подолгото времетраење на цивилната служба, се оние што говорат за тоа дека таа е помалку напорна и релативно безбедна, дека преку должината на траењето се санкционира неслужењето во вооружените сили кое е покусо, односно дека на тој начин е направен соодветен баланс меѓу категориите, како и дека преку должината се одбиваат оние кои поради себичност или сопствено удопство сакаат да го одбегнат воениот рок. Мислам дека најголем дел од овие и некои други образложенија се прифатливи.

Интересно е да се погледне каква е постапката за регулирањето, односно на проверката на наодите што ги изнесуваат подносителите на барањето за служење на алтернативен начин. Врз основа на определена практика во одделни земји, е вообичаено регрутите пред да бидат повикани на отслужување на воен рок заради приговор на совеста, да поднесат молба со детално образложение за причините поради кои бараат цивилно служење на воен рок, до надлежните воени или полициски органи. По неа решава посебна комисија, составена во принцип од претставници на министерството за одбрана, внатрешни работи и правда, по еден лекар, психолог, социјален работник и претставник на државниот

орган за односи со верски заедници. Постапката на одлучување подразбира и разговор со секој кандидат по однос на презентираните податоци изнесени во молбата, а доколку одлуката е негативна, барателот има право на жалба пред уште еден орган чие решение е конечно.

Во многу земји постои посебен закон за цивилна служба или пак правилник за регулирање на оваа проблематика во кој се прецизира постапката на решавање и начинот на работата на комисијата, а се утврдени и правата и обврските на подносителот на молбата. Искуството од работата на пример, на австриската комисија, покажува дека таа во просек годишно одбива една шестина од пристигнатите молби за алтернативна служба. Во Франција, поради ригорозноста, односно "казнувањето" на регрутите со двојно подолгото траење на цивилната служба, процентот на поднесените молби е околу 1,5% од годишниот регрутен контингент, што е околу 1000 кандидати, од кои околу 1/5 се одбиваат. Податоците за Франција покажуваат дека проблемот во основа е маргинален. За разлика од Франција, во Германија бројот на подносителите на молба за алтернативна служба е извонредно голем и тој, на пример, во 1975 година изнесувал 32.000, во 1977 околу 70.000, во 1980 година приближно 55.000, во 1988 околу 60.000 за во последните години да се стабилизира на ниво од околу 55.000 регрути, од кои приближно 1/3 од барањата се одбиваат. За нивно служење се предвидени-отворени околу 53.000 работни места.

Кога е во прашање поранешната федерација на југословенските народи, релативно ни се свежи сеќавањата на иницијативата покрената од страна на словенечките младински списанија "Младина" и "Трибина" за цивилно служење на воениот рок, некаде на самиот почеток на распадот на Федерацијата. Гледано од оваа временска дистанца, имаме впечаток дека таа кампања на извезен начин била дел од вкупните активности врзани за настаните што потоа следеа без оглед што прашањето заслужува соодветно внимание. Но, општо земено, покажаните ставови на посочените списанија, како и во други медиумски расправи и полемики, на многумина не им "одговараа", а и некако прозвучија неприродно и далеку од сфаќањата на "обичниот" граѓанин кога е во прашање војската и учеството во неа. И покрај апсолутно негативната реакција на тогашниот армиски врв, сепак беа направени обиди овој проблем да се реши на определен начин. Во таа насока во 1989 година со донесувањето на Законот за измена и дополнување на Законот за воена обврска[4], во членот 22 беше утврдено дека "војникот што од верско убедување ќе одбие да прими оружје, воениот рок го служи без оружје во траење од 24 месеци", односно двојно повеќе од редовниот. Потоа во Правилникот за вршење воена обврска[5], донесен во 1991 година, во делот кој се однесува на упатување на регрутите на

4) "Службен лист на СФРЈ", април 1989 год.

5) "Службен лист на СФРЈ", бр. 66, од септември 1991 год.

служење на воен рок, во член 35 се вели: "Војник кој од верски убедувања ќе одбие да прими оружје, надлежниот старешина ќе го поучи дека е должен да го служи воениот рок од 24 месеци. Ако војникот и потоа не сака да прими оружје, а е припадник на верска заедница која забранува прием и употреба на оружје, надлежниот старешина донесува решение со кое се определува дека тој војник е должен да го служи воениот рок 24 месеци".

Проучувајќи ги изворните и интерпретираните нормативно-правни одреби што се однесуваат на приговорот на совеста, на новосоздадените држави на просторот на бившата социјалистичка Југославија, Словенија, Хрватска и СРЈ, прво што се воочува е дека кај сите тоа е уставна категорија. Така во Уставот на Р. Словенија (чл. 123) се вели дека "на државјаните кои заради свои религиозни, филозофски или хуманитарни погледи не се подготвени да учествуваат во вршењето на војничките задолженија, да им се овозможи учество во системот на одбрана на друг начин". Со членот 137 од Уставот на СРЈ, исто така е утврдено дека основа за одбивањето на служење на воениот рок се "верски и други причини на совеста". Слични одредби се утврдени и во актуелниот хрватски Устав (чл. 47) во кој се вели дека "воената обврска и одбраната на Републиката е должност на сите за тоа способни граѓани. Се дозволува приговор на совеста на оние кои поради свои верски или морални причини не се подготвени да учествуваат во вршењето на војничките должности во вооружените сили. Тие лица се обврзани да ги исполнуваат другите должности определени со закон". Во таа смисла Законот за одбрана на Р. Хрватска (чл. 82) утврдува дека цивилната служба, по правило, се извршува во хрватската војска. Истата категорија на обврзници во СРЈ алтернативната служба можат да ја вршат во војската и во цивилна служба.

Во однос на времетраењето на цивилниот воен рок во Словенија тој е изедначен со редовниот, а во Хрватска е за половина подолг од редовниот и изнесува 15 месеци. За испитување на веродостојноста на убедувањата се формирани посебни комисии со сличен состав на повеќето такви во други земји.

Пред да истакнеме определени ставови по однос на овој проблем во Р. Македонија, треба да се има предвид и фактот дека во државите во кои е на сила општата воена обврска или комбинираниот модел на регрутирање, нема можности обврзниците целосно да бидат ослободени од оваа обврска. Значи, мораат да извршуваат определен вид служење на воен рок во рамките на вооружените сили или во цивилните институции, и тоа без оглед која основа се признава како приговор на совеста. Исклучоци од ова правило се забележани во Шведска и Холандија, делумно и кај нас, кога се во прашање Јеховините сведоци, кои одбиваат да вршат каква и да е служба од национален интерес.

Кога станува збор за Р. Македонија и за нашиот однос кон приговорот на совеста, веќе ги посочивме основните одредби од Законот за одбрана што директно или индиректно се однесуваат на оваа

проблематика. Но, обидите да најдеме дополнителна регулатива, која попрецизно би го регулирала прашањето за служење на воен рок без оружје во вооружените сили, не дадоа плод! Едноставно документ со кој би се регулирала постапката на службувањето на регрутите кои од верски причини одлучиле да служат 14 месеци, кај нас нема! Нашата првична претпоставка дека најверојатно надлежните државни органи немале случаи од таков тип, кои дополнително би ја иницирале потребата од таков документ, во натамошните истражувања се потврди. Без оглед на таквата фактичка состојба, градењето конкретен пристап и создавање соодветни нормативно-правни одредби, не би требало да се врзуваат со појавата на прво барање за такво служење на воениот рок. Но, како и да е, податокот дека досега немало класични случаи на служење на воен рок без оружје, недвосмислено упатува на заклучок дека за наши услови ова е повеќе теоретски отколку прагматичен проблем и дека појавата, барем досега, не заслужува поголемо внимание. Како што веќе нагласивме во уводните напомени, тоа најверојатно во наредниот период нема да биде така. Затоа и ќе ги презентираме нашите погледи, пред сè од одбранбено-доктринарен аспект, кои се надеваме, ќе бидат во функција на сегашното разбирање на проблемот, но и како факти за евентуални натамошни расправи по проблемот.

Во основа, одбраната на малите земји е мошне сложено прашање кое бара извонредни научно-теоретски и практични ангажмани. Барањето начини за создавање задоволителен стандард на безбедносно-заштитно живеење има свои специфични и општоприфатени критериуми, правила и, се разбира, цена. Малите земји, како нашава, поради своите реални, во основа, ограничувачки предиспозиции во поглед на големината на територијата, бројот на население и економската моќ, мораат да изнаоѓаат и да создаваат редица конкретни организациони форми во вид на сили и институции за да ја манифестираат постојната и потенцијалната моќ во одбранбен поглед. Целта е да се достигне тоа замислено ниво на безбедност, кое, во апсолутна смисла, ретко која држава го достигнува. Секогаш има потреба за уште нешто (оружје, техника, луѓе, сојузници итн.). При тоа, едно од најважните прашања е како најсоодветно да се искористи расположивиот човечки потенцијал во функција на одбраната на државата. Дистрибуцијата на луѓето во одделни сили на одбраната и во други структури, не секогаш може задоволително да се оствари на начин како што тоа го "бара" усвоениот одбранбен модел. Проблемот е секогаш врзан за прашањето како да се избалансираат силите на одбраната во смисла на нивната големина, при што вооружените сили имаат апсолутен приоритет. Секое нарушување на утврдениот баланс води до нарушување на системот на одбрана, без оглед што во некои специфични ситуации активноста на оделни структури на одбраната надвор од вооружени сили, може да има приоритет. Во таа смисла, гледано низ призмата на претходниот став, ако се овозможи приговор на совеста и по други основи (етички, хуманитарни, филозофски и др.) и ако, на пример, се изедначи должината

на траењето на алтернативната служба со редовниот воен рок (во и надвор од вооружените сили), може сериозно да се наруши целата организациско-формациска структура на армијата и нејзината бројност. Со тоа автоматски се нарушува билансот на сметка на војската, а во "корист" на други сили. Имено, ако АРМ, според предвидувањата во наредниот петгодишен период го достигне нивото од 7000 професионални војници како нејзино основно јадро, и ако најголем дел од исто толкавиот број војници што треба да служат по основ на општата воена обврска бара алтернативна служба надвор од вооружените сили, и ако им се излезе во пресрет (хипотетички), регуларната АРМ нема да може да ги остварува предвидените задачи. Проблемот уште повеќе доаѓа до израз ако се има предвид дека носечкиот дел на АРМ во војна е резервниот состав (околу 100 000 војници) чии припадници се луѓе кои веќе го отслужиле воениот рок. Во една екстремна ситуација, со години би дошле во состојба да "немаме", односно, да располагаме со сосема мал број "резервисти", наспроти големиот контингент припадници на цивилната одбрана. Ова би биле крајности што не би ги дозволила ниту една сериозна држава во светот, но теоретски гледано, ако "климата" во државата, поради некои внатрешно-политички, етнички, економски, социјални и др. проблеми, се искористи за промоција на некои "интереси", сè е можно.

Нивото на рационалното размислување е сепак во следново: дали може да има соодветни решенија во оваа смисла. Односно, како да не се нарушат човековите права и слободи, а притоа да се задоволат одбранбените потреби, или пак, како да се направи компромис меѓу приврзаноста на поединецот кон сопствената свест и на својата земја. Евидентно е дека таквите компромиси, во основа, тешко се остваруваат. Но, гледано пошироко, може да се дојде до заклучок дека со делумна професионализација, АРМ "ослободува" поширок простор за алтернативно служење на воен рок. На прв поглед тоа изгледа дека е така. АРМ сепак гради комбиниран модел, не поради создавање простор за цивилно служење, туку поради тоа што современата техника и современите начини на војување тоа го диктираат, а тоа е и еден од начините на компензација на бројната инфериорност на малите земји. Имено, обично се смета дека еден професионален војник "вреди" за повеќе "обични" воини.

Од друга страна, познато е и тоа дека Р. Македонија во својата одбрана на независноста се потпира, освен на вооружената борба и на колективните системи на одбрана и на цивилната одбрана како еден од носечките столбови. Активирањето и дејствувањето на одделни компоненти на цивилната одбрана во мир и војна, е од особено значење како за вооружената борба така и за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра. Припадниците на силите што ги спроведуваат тие мерки и активности се луѓе што го отслужиле воениот рок, но се распоредени во овие состави. Покрај нив, во овие сили се ангажираат и жените. Поради важноста и сериозноста на задачите што ќе ги вршат

овие состави, од нивните припадници се бара висок степен на оспособеност за вршење најразновидни спасувачки и заштитни активности. Ако веќе се бараат можности за евентуално цивилно служење на воениот рок надвор ода АРМ, ова е "вистинска" област каде што тоа би можело да се исполнува.

Лично сметаме дека за еден разумен број луѓе, кој, поради убедување не е спремен да земе оружје в рака, некаде околу 1% од регрутниот контингент има место, па и потреба, во структурите на цивилната заштита, службата за известување и тревожење и др. Но не сме сигурни дека определена категорија млади луѓе нема да се обиде да ја искористи евентуалната намера на државата да им излезе во пресрет на молителите за цивилно служење на воениот рок. На ова директно се надоврзува и мошне сериозното прашање за утврдување на вистинитоста на убедувањата, при што исто така се можни сериозни пропусти предизвикани од различни причини. Вплеткувањето на политиката и повикувањето на разноразни "дискриминации" на овој план, би било штетно за сите. Инаку, за нови идеи во склопот наречен одбрана и заштита, треба да се говори и да се иницираат евентуално издржани проекти, но не сме сигурни дека приговорот на совеста и цивилното служење на воениот рок спаѓаат во делокругот на најприоритетните прашања на демократските процеси во земјата. Сметаме дека повеќе внимание заслужуваат расправите околу доусовршувањето на регрутниот систем, распоредувањето на групите на формациски места што би ги одразиле интересите, желбите, стручноста и квалификациите на обврзниците. Подигањето на општиот стандард на војниците на отслужување на воениот рок (сместување, исхрана, спорт, рекреација и др.), посоодветната организација на работењето, усовршувањето на системот на стимулации, бенифиции и сл, се работи кои во многу нешто придонесуваат за намалување на одбојноста кон АРМ и воопшто на служењето во војската. Притоа, не треба да се заборави фактот дека војската од своја страна кај младите луѓе негува и гради својства и однесувања што оставаат траен белег во позитивна смисла, за што во цивилниот живот нема можности.

ЛИТЕРАТУРА

1. Adanič Z. i Tatalovič S., Novačenje i mobilizacija, Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1993.
2. Ванковска - Цветковска Биљана, Војската и демократијата, Детска радост, Скопје, 1995.
3. Vjatr Ježi, Sociologije vojske, VIZ, Beograd, 1987.
4. Dunnigen James, Kako voditi rat, VINC, Beograd, 1993.
5. Gliksman Andre, Govor rata, VINC, Beograd, 1991.
6. Javorovič Božidar, Društvjene promjene i odbrana i zaštiti, Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1990.
7. Mihalik Mječislav, Moral i rat, VIZ, Beograd, 1976.
8. Perazič Gavro, Medjunarodno ratno pravo, VINC, 1986.
9. Гоцевски Трајан, Одбраната на Македонија, Студентски збор, Скопје, 1992.
10. Женевски конвенции од 12 август 1949 и Дополнителни протоколи од 1977, Сигмапрес, Скопје, 1994.
11. Ѓоревски Владимир, Сите војски на светот, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1995.
12. Цветковски Цветан, Различно но сепак еднакво, Одбрана, бр. 4/1993.
13. Candu Whittome, Prigovor savjesti vojnoj službi: Šta sa ljudskim pravima?, "Pitanje", br. 4-5/1989, Beograd
14. Устав на Република Македонија
15. Закон за одбрана на Р. Македонија

Zoran NACEV

## THE MILITARY SERVICE AND THE "OBJECTION OF THE CONSCIENCE"

(Summary)

This paper analyses the basic questions of the relation between military and civil service. We have made a thorough comparative study of many international documents, in order to establish the elements that warrant the right of "objection of the conscience". We carefully analysed the national legislation systems of many countries, expecially of those that belonged to the former Yugoslav Federation, and found that some to not allow an alternative service in addition to the service in their armed forces, but some do. The latter sometimes give the people that claim to "act in obedience to their conscience" almost the same rights when they do their civil service outside the army. Other countries, however, deprive this category of their citizens of some fundamental rights and, regarding the alternative service a punishment, make it last longer than the military service. The reasons given for refusing to do the service that various countries accept as "objection of the conscience" are many and vary from religious, ethical, moral, philosophical to political. Generally speaking, there are no standard and unified solutions of the problem in Europe or wider. In the Republic of Macedonia the civil service is permitted within its Armed Forces (ARM) to recruits that refuse to carry arms for erligious reasons. For the moment, the situation does not allow for the inclusion of other reasons or for a civil service outside the ARM. A number of relevant facts speak in favour of our conclusion.